З А П И С Н И К

Од седницата на советот одржана на 22.01.2024 година со почеток во 10:00 часот, во советничката сала на општина Желино.

Седницата ја отвори претседавачот на советот Бујар Бафтијари и го презентираше предлогот на дневниот ред со архивски бр.08-91/1

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од 24-та, седница на Советот на општина Желино.

2.Предлог – Одлука за разрешување и именување на член на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатие Русино/Полог.

3. Предлог – Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Желино за 2024 година.

4.Усвојување на квартален финансиски извештај за реализација на буџетот на општина Желино за периодот јануари-јуни / 2023 година.

5.Усвојување на квартален финансиски извештај за реализација на буџетот на општина Желино за периодот јануари-септември / 2023 година.

6.Предлог - Програма за уредување на градежно земјиште во општина Желино за 2024 година.

7.Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови (УП), за подрачјето на општина Желино за 2024 година.

8.Предлог-Програма за одржување и проширување на јавното осветлување како и замената на електричните ламби во подрачјето на општина Желино за 2024 година.

9.Предлог - Одлука за давање согласност и применување на финансискиот план на јавното комунално претпријатие „Мирмбајтја“ –Желино, с.Желино за 2024 година.

Пред отворањето на седницата, претседавачот на советот даде појаснувања за првата точка од дневниот ред, така што поради немање материјал оваа точка не беше земена предвид.

Претседавачот на советототот го стави во расправа дневниот ред и бидејќи немаше расправа ја стави на гласање, беше изгласана едногласно од сите советници.

1. Предлог – Одлука за разрешување и именување на член на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на Заедничкото јавно претпријатие Русино/Полог.

Бидејќи немаше дискусии, претседавачот на Советот ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 17 воздржани, ниту еден за и ниту еден против, со што констатира дека оваа точка не поминува.

2. Предлог - Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Желино за 2024 година.

Претседавачот на советот ја отвори дискусијата, а збор зеде советникот Насер Мислими.

Насер М: Барам повеќе информации за оваа точка.

Информацијата ја соопшти Дашмир Џелили.

По дискусии, претседавачот на Советот ја стави оваа точка на гласање, при што беше изгласана со 8 гласа за, ниту еден против и 8 воздржани, со што утврди дека оваа точка не поминува.

3. Усвојување на квартален финансиски извештај за реализација на буџетот на општина Желино за периодот јануари-јуни / 2023 година.

Бидејќи немаше дискусии, претседателот на советот ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 7 гласа за, ниту еден против и 9 воздржани и заклучи дека оваа точка не поминува.

4. Усвојување на квартален финансиски извештај за реализација на буџетот на општина Желино за периодот јануари-септември / 2023 година.

Бидејќи немаше дискусии, претседавачот на Советот ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 6 гласа за, ниту еден против и 9 воздржани, претседателот на Советот заклучи дека оваа точка не поминува.

5. Предлог – Програма за уредување на градежно земјиште во општина Желино за 2024 година.

Бидејќи немаше дискусии, претседателот на Советот ја стави оваа точка на гласање, таа беше изгласана со 1 глас за, ниту еден против и 15 воздржани, со што констатира дека оваа точка не поминува.

6. Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови (УП), за подрачјето на општина Желино за 2024 година.

Појаснување за оваа точка побара советникот Шевал Сулејмани.

Појаснувањата ги даде Крешнике Идризи.

Претседавачот на советот ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 5 гласа за, ниту еден против и 11 воздржани, со што констатира дека оваа точка не поминува.

7. Предлог-Програма за одржување и проширување на јавното осветлување како и замената на електричните ламби во подрачјето на општина Желино за 2024 година.

Бидејќи немаше дискусии, претседателот на Советот ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 7 гласа за, ниту еден против, и 11 воздржани, со што констатира дека оваа точка не поминува.

8. Предлог – Одлука за давање согласност и применување на финансискиот план на јавното комунално претпријатие „Мирмбајтја“ –Желино, с.Желино за 2024 година.

Претседавачот на советот ја отвори дискусијата, а збор зеде советникот ШевалСулејмани.

Шевал С: побара појаснување за оваа точка.

Суад Алили даде појаснувања.

Појаснување побара и советниците Насер Мислими и Риан Амити, појаснувања даде и Суад Алили.

Претседавачот на Советот по дискусии ја стави оваа точка на гласање, беше изгласана со 8 гласа за, ниту еден против и 5 воздржани и со ова претседавачот на Советот заклучи дека оваа точка поминува.

Бр. 08-91/2
22.01.2024 година
Желино

Записничар
Албинета Алија

Совет на општина Желино
Претседател
Бујар Бафтијари